**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА МУЗИЧКА ПРОДУКЦИЈА И ЗВУЧЕН ДИЗАЈН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 14.04.2023 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Музичка продукција и звучен дизајн** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Музичка продукција и звучен дизајн**, објавен во весникот „Нова Македонија" од 29 март 2023 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **м-р Ненад Стефаноски.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Максим Ангелевски,**
**Вонреден професор Братислав Зафировски,**
**Вонреден професор Елена Бојаџиева-Цветковска,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

**НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ**

Ненад Стефаноски е роден во Скопје на 13 Април 1986 година. Основното Училиште „Кирил Пејчиновиќ" во Скопје го завршува во 2000 г. Во текот на своето школување уште на 10 годишна возраст ги започнува првите обиди за создавање музика со скромна опрема, компјутер и аматерски музички инструменти, каде веќе до средното училиште вродува со резултат и неколку музички изданија за реномирани музички имиња претежно во рамките на македонската хип хоп и рок музика. Во 2000 г. продолжува да се школува во СГГУГС „Здравко Цветковски' во Скопје каде паралалено активно се занимава со создавање и снимање своја музика во домашното студио. По завршување на среднотехничкото образование, во 2004та, по едногодишна пауза и привремена работа како тонски мајстор на повеќе локации (помали фестивали, концерти, настапи итн.), продолжува со образование на „Филолошкиот Факултет" на УКИМ Скопје, насока „преведување и толкување на Македонски, Англиски и Германски јазик". Веќе во втората година по запишувањето на факултетот, паралелно со образованието, остварува и долгогодишно искуство како тон мајстор на жива и снимена ТВ програма во А1 телевизија, но и создава музика за повеќе намени. Работи и во своето домашно импровизирано студио, како и во просториите на А1 телевизија со музички бендови, соло пејачи, поголеми и помали музички групации, итн. Тука стекнува поголемо искуство на терен со живите настапи и тв шоуа во рамките на телевизијата (озвучување ансамбли, тв презентери, водители, новинари итн). Во овој период тој

продолжува професионално да се инволвира во повеќе музички проекти во разновидни популарни жанрови како музички продуцент, сценски изведувач и звучен инженер. Во 2012та година дипломира со висок просек на Филолошкиот Факултет со научно-стручен труд на тема „Применета терминологија во сферите на музичката индустрија и звучниот инженеринг“ под менторство на д-р Томислав Треневски при што одработува мал македонски речник за звучни инженери но за жал не успева да го реализира и издаде јавно.

По дипломирањето и дотогашното искуство со телевизијата и музиката, тој во 2006та започнува да работи на свој нов музички проект кој за него важи за еден од своите најпрестижни достигнувања. Тоа е алтернативниот и психоделичен поп рок бенд „Фулиш Грин“ кој до ден денес функционира активно со пет-члена постава. Со свое издание на локалната сцена се појавува во 2010 и се инволвира како композитор, инструменталист, аранжер, пејач, текстописец и продуцент. Користењето алтернативни методи за снимање и за создавање хармонични гласови над музичките структури, од Фулиш Грин ќе создаде еден од највозбудливите и најинтересни состави на актуелната македонска музичка сцена. Во периодот 2008 – 2012 година во домашното студио на Ненад (Funk Fu Studio) се создаваат многу теми, кои Ненад започнува да ги објавува од јуни 2012-та. Првото издание е поддржано од страна на регионалната „MTV Adria“ со EP именувано како „Sun Is Gone“, кое ќе биде извонреден промотивен материјал за бендот. За да го збогати звучниот ѕид, но и за да ѝ оддаде почит на својата генерација, Ненад повикува многу пријатели од сцената, па речиси на секоја од песните може да се слушне по некој гостин музичар. На музичката конференција што „Password Production“, ја организира во Скопје, во 2012 бендот се претставува пред голем број менаџери и промотери од странство. Со оглед на тоа дека материјалот е веќе снимен, бендот се повлекува од концертни активности и во тајност ги започнува подготовките за самостоен концерт, на кој ќе биде промовиран и неговиот деби-албум. „Password Production“ ги зема под своја закрила, па оваа издавачка куќа ја запознава јавноста со едно од најдобрите македонски дискографски изданија воопшто, модерниот поп-албум „Escape“. Фановите со нетрпение ќе го очекуваат најавениот датум за средба со нив а поради големиот интерес, промоцијата ќе се повтори и во следниот ден. Така, Фулиш Грин се препознава како прв бенд што два дена по ред го полни просторот во Кино „Фросина“. Во следните неколку години следуваат голем број настапи низ Македонија, самостојни во клубови или на фестивали. Во ноември 2013 групата за првпат се претставува и надвор од Македонија каде активно до 2017та настапува на фестивали во Холандија, Германија, Австрија, Чешка, Словенија, Хрватска, Србија, Албанија, Бугарија.

Паралелно во истиот период од 2010 до 2016 освен што работи самостојно, Ненад е активен соработник на Пост-продукциската агенција за филм, ТВ, радио и адвертајзинг „Квазар Филм“ како музички композитор и продуцент каде остварува огромно искуство во областа на маркетингот за многу реномирани македонски и странски клиенти. Во 2011 започнува да работи и во „Артист Системс“ како трговец и специјалист за музички инструменти и студиска опрема. По неколку години активност во овие области, неговите музички проекти и активности се ставени на мала временска стагнација поради одлуката на Ненад да го продолжи своето високо образование во странство.

Во 2016 та год. тој запишува Магистерски студии на филмската академија „KINOEYES - The European Movie Masters - European Joint Master Degree“ на универзитетите „Lusofona de Humanidades e Technologias“ во Лисабон, Португалија, „Baltic Film and Media School“ во Талин, Естонија и „Screen Academy - Napier University“ во Единбург, Шкотска, каде во 2018та ја завршува со висок просек со титулата: Master of Arts / Sound Designer for feature film со научно стручен магистерски истражувачки труд на тема "Unnatural Naturalness: A sound design semiotic approach into the inner feelings of the characters in a film". Во текот на студирањето тој беше вклучен во многу истражувачки дејности и писмени извештаи во врска со концептуални/теоретски референци за „звук со слика“ (естетски/уметнички, семиотички) или технички есеи за дизајн и синтеза на звук, кино акустика и калибрација на сараунд системи и постпродукција со повеќе научни трудови меѓу кои: „Audiovisual dramaturgy for Sound Designers“, „Making fictions sound real “, „Subjective Sound in Narrative Cinema“, „Future Of Cinema: 3D

Holographic Moving Image“, „Macedonian Film Industry Report“, „Edward de Bono Method: Six hats as a musical band“. Покрај истражувачката дејност Ненад беше ангажиран и со пракса во многу студентски и професионални филмски проекти каде се здобива со големо искуство и соработува со филмски работници од целиот свет. Би ги издвоиле соработките со Лери Сајдер (Larry Cider, Head of Editing, Sound and Music at the National Film and Television School (UK), кој работи со големиот Валтер Мрч (Walter Merch)“, како и познатиот саунд дизајнер Пол Дејвис (Paul Davies, кој работел на светски познати филмски проекти како „Ratcatcher“, „We Need To Talk About Kevin“, „You Were Never Really Here“, „Kinky Boots“, „Mrs. Henderson Presents“, „The Queen“, „The Salisbury Poisonings“, „Saint Maud“ итн. Во текот на пост-дипломските студии, Ненад како звучен дизајнер и тонски мајстор беше вклучен во многу проекти кои би ги издвоиле: „Impromptu(2017)“, „MyLissa(2018)“, кореографските филмови „Ruttu Ruttu(2017)“, „Evolve(2017)“, како и архитектонските филмови „No Stone Left Unturned(2017)“, „What Remains (2017)“, и „Above(2017)“, кој освојува и награда на Естонскиот фестивал за архитектонски филм „Tallinn Architecture Biennale “. По завршувањето на магистерските студии тој повторно се враќа во Скопје и веднаш почнува да работи во агенцијата за продукција на звук „Аудиохаус„ и самостојно(freelance) во своето студио како професионален саунд дизајнер и музички композитор и се вклучува во создавање на низа нови проекти од филмската и ТВ продукција и маркетинг содржини. Во овој плоден период тој остварува големи соработки со уметниците во светот на филмот и работи на многу филмови, серии, тв шоуа, џинглови, реклами, кампањи итн., како саунд дизајнер, саунд миксер, фоли артист, сниматeл, монтажер на звучни ефекти, бум оператор како и на музички албуми како продуцент и снимател, аранжер, пејач, инструменталист. Проекти кои може да се издвојат има многу но ќе наведеме неколку. Кратки филмови: „Малина (2018)“, „Камена Gрадина(2018) “, „Вера(2019) “, „Проблемот на Тина(2021) “, „4891(2023) “, Љубовникот(2021) “ и др., Играни и документарни филмови: „Hey! (2018) “, „Field Of Blackbirds(2018) “, „Театарот Скупи(2019) “, „Бале (2014) “, „Кодот на Преспа(2020) “, „Open Door(2019) “, „Everything Is Different(2019) “, „Врба(2019) “, „Half-Sister(2019) “, „Ефектот На Среќа(2019) “, „Cirku Fluturues(2019) “, „Where Does Your Voice Go: The Films of Milcho Manchevski(2020) “, „Looking For Venera(2021) “, „Sisterhood(2021) “, „M(2023) “, „Njeriu me K'mishë (2022) “, „Мими(2022) “, „The Stork(2023) “ТВ серии: „Зоки Поки(2020) “, (10 епизоди), „Црвениот Поет“ (10 епизоди), Музички албуми: „Foolish Green – Soul Revival(2021) “, „Легијата – Легијата на Проколнатите (2018)“, и голем број музички синглови. Во сферата на адвертајзингот, тој како музичар и саунд дизајнер соработува со многу маркетинг агенции како: Pigmento Studio, Quasar Films, Saatchi & Saatchi, McCann, MMC Комуникации / Publicis One, Division, Futura 2/2, New Moment и други и работел на голем број реклами за Телеком МК, Телеком ЦГ, Халкбанк АД, Никоб Осигурување, Жито Лукс, Ладна, Веро, Скопска пивара, Гранд Кафе, Head and Shoulders, Витаминка, Тинекс, Порше Македонија, А1, Тиквеш, НЛБ Банка, Окта, Олд Спајс, Европа, и многу други ...

Покрај горенаведентото тој често настапува и како диџеј инспириран од македонската забавна музика од минатиот век. Важи и за собирач, селектор и промотер на македонската евергрин музика која потекнува од 50тите години па досега и создава 3 микстејпови од серијалот “Една Сказна“ кој можат да се слушнат на неговиот јутуб канал.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **м-р Ненад Стефаноски** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Доцент** по група предмети од областа **Музичка продукција и звучен дизајн,** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Максим Ангелевски,**

_______________________________

**Вонреден професор  Братислав Зафировски,**

__________________________________

**Вонреден професор Елена Бојаџиева-Цветковска**

__________________________________

**Скопје, 28.04.2023**